СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Службен гласник на Општина Пехчево	**Вторник 27.10.2026 год.**	**Уредува: Душко Миовски**
Излегува по потреба Гласникот е бесплатен	**Број 10 - Година 2026**	**Општина Пехчево тел. (033) 441-321**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на актите од Советот на општина Пехчево

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 13-та седница одржана на ден 27.10.2026 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање - Јавни работи 2026 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево;
2. Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси специјални возила и мотоцикли;
3. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2025/2026 година;
4. Одлука за усвојување на шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година;
5. Одлука за усвојување на Извештај за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период јануари - јуни 2026 година;
6. Одлука за определелување на висина на цена за собирање и транспортирање на комунален отпад од Пехчево и населените места во општина Пехчево;
7. Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево;
8. Одлука за усвојување на измени на Годишен план за вработување во општина Пехчево за 2026 година;
9. Одлука за давање на позитивно мислење за измени и дополнувања на Статут на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево;

10. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година;

11. Одлука за усвојување на измени и дополнувања на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година;

Бр. 09-1316/1
27.10.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање - Јавни работи 2026 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање - Јавни работи 2026 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 27.10.2026 година.

Бр. 09-1316/2 Општина Пехчево
27.10.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Јавниот повик за работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2026 на АВРСМ, Советот на Општина Пехчево на 13-та седница одржана на ден 27.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А

за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање - Јавни работи 2026 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Пехчево во реализација на проектот работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2026 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево.

Член 2

Општина Пехчево ќе учествува во проектот со сопствено кофинансирање во износ од 48.000.оо денари од вкупната вредност на проектот работно ангажирање на невработени лица по

програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2026 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево.

Член 3

Доколку трошоците ја надминуваат максималната вредност на грантот, Општина Пехчево се обврзува да ги покрие сите средства над висината на грантот и доколку тоа ги надминува минималните 48.000,оо денари кофинансирање.

Член 4

Проектот работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2026 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево е аплициран во АВРСМ на Јавниот повик за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2026.

Член 5

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр. 08-1304/1
27.10.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси специјални возила и мотоцикли

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси специјални возила и мотоцикли, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 27.10.2026 година.

Бр. 09-1316/3 Општина Пехчево
27.10.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 3, член 11 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.05/2002), член 2 став 2 и член 20 став 1 тарифен број 9 од Законот за комунални такси (Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 27.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А
за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли

Член 1

За користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли се утврдува тарифа за комунални такси во општина Пехчево и тоа:

- за патнички возила до 1000 кубика ..... 50,00 денари
- за патнички возила од 1000 до 1300 кубика ..... 80,00 денари
- за патнички возила од 1300 до 1500 кубика ..... 100,00 денари
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика ..... 200,00 денари
- за патнички возила над 1800 кубика ..... 300,00 денари
- за товарни возила по тон носивост ..... 100,00 денари
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници ...600,00 денари
- за специјални возила ..... 50,00 денари
- за сите видови на мотоцикли ..... 50,00 денари

Член 2

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возила и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

Член 3

Одлуката да се достави до МВР и органот надлежен за регистрација на возила.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр. 08-1305/1
27.10.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2025/2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2025/2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 27.10.2026 година.

Бр. 09-1316/4
27.10.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02 и Сл. Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2025/2026 година

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Годишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2025/2026 година бр.01-285/1 од 02.10.2026 година, е составен дел од оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1306/1
27.10.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за усвојување на шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 27.10.2026 година.

Бр. 09-1316/5
27.10.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А
За усвојување на шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 30.06.2026 год.

Член 2

Шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 30.06.2026 год 01-424/1 од 25.08.2026 година, е составен дел од оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1307/1
27.10.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Шестмесечен извештај за финансиското работење
на ЈКП "Комуналец" -Пехчево

од 01.01.2026 до 30.06.2026 година

ЈКП "Комуналец" Пехчево ул Јулија Веселинска бр 40
email: jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com

ВОВЕД

Овој финансиски извештај на ЈКП Комуналец-Пехчево се однесува на периодот од јануари – јуни 2026 година и има за цел да обезбеди систематски преглед на финансиското работење, приходите, расходите и вкупната економска ефикасност на претпријатието. Како јавно претпријатие, нашата обврска е да обезбедиме транспарентност, отчетност и рационално користење на јавните средства во согласност со законските и регулаторните рамки.

Извештајот е подготвен согласно со националните сметководствени стандарди и ги вклучува клучните финансиски податоци и анализи кои се релевантни за носење на информирани одлуки од страна на основачот, управните тела и останатите засегнати страни. Дополнително, извештајот содржи споредбени податоци со претходниот период, како и образложенија за евентуалните отстапувања или финансиски предизвици.

Целта на овој извештај е не само да ја прикаже тековната финансиска состојба, туку и да помогне во подобро планирање и управување со ресурсите, во насока на исполнување на јавниот интерес и унапредување на услугите кои ги нуди претпријатието

1 2 Приходи

ВИД НА ПРИХОД	2026	2025
Приходи од водовод и канализација		
Производство и дистрибуција на вода физички лица Пехчево	1.942.913	2.328.270
Производство и дистрибуција на вода физички лица Робово	297.360	257.013
Производство и дистрибуција на вода физички лица Умлена	220.648	203.887
Производство и дистрибуција на вода физички лица Чифлик	199.550	231.670
Производство и дистрибуција на вода физички лица Негрево	70.500	71.505
Производство и дистрибуција на вода правни лица	1.255.610	897.561
Производство и дистрибуција на вода штали	25.322	33.014
Приходи од месечен фиксен надоместок	510.642	504.918
Приходи од канализација физ. лица Пехчево	890.872	1.026.179
Приходи од канализација физ. лица Робово	108.751	95.696
Приходи од канализација физ. лица Умлена	97.175	86.430
Приходи од канализација физ. лица Чифлик	83.505	81.258

Приходи од канализација правни лица	253.946	265.108
Приходи од делови и поправки на водов. и канал. мрежа	116.544	117.340
Приходи од нови приклучоци водовод и канализација	65.350	11.750
Приходи од обновување приклучоци	10.750	17.300
Вкупно	6.149.438	6.228.899

Приходи од отпремување на отпад		
	2026	2025
Отпремување на отпад физ. лица Пехчево	905.080	900.490
Отпремување на отпад физ. лица Робово	60.360	60.840
Отпремување на отпад физ. лица Умлена	56.160	56.400
Отпремување на отпад физ. лица Чифлик	55.920	53.280
Отпремување на отпад физ. лица Негрево	16.560	16.560
Отпремување на отпад физ.л. Панчарево	48.600	49.650
Отпремување на отпад физ. лица Црник	138.450	143.400
Отпремување на отпад правни лица	692.865	704.760
Отпремување на отпад тур.населба Равна Река	36.414	36.414
Приходи од складирање и собирање на отпад	/	2.640
Вкупно	2.010.409	2.024.434

Приходи од погребални услуги		
	2026	**2025**
Приходи од одржување на гробишта	310.100	308.140
Приходи од продажба на гробно место	130.000	155.000
Приходи од Оператор на гробишта	11.900	16.800
Приходи од каменорезач на гробишта	69.100	8.000
Вкупно	**521.100**	**487.940**

Приходи од механизација		
	2026	**2025**
Приходи од скип ЈЦБ	604.014	155.900
Приходи од трактор	9.394	8.700
Вкупно	**613.408**	**164.600**

Приходи од јавна чистота, паркови и зеленило	**2026**	**2025**
Приходи од Договор за зимско одржување со Општина Пехчево	143.030	308.290
Приходи од Договор за одрж. паркови и зеленило со Општина Пехчево	158.730	158.730
Приходи од Договор за одржување јавна чистота со Општина Пехчево	253.965	253.965
Вкупно	555.725	720.985

Останати приходи	2026	2025
Приходи од пазаришни тезги и резервации	55.358	63.713
Приходи од нотарски решенија	20.729	2.550
Приходи од извршување и судење	9.459	13.757
Останати приходи од работењето	29.070	6.215
Вкупно останати приходи	114.616	86.235
ЗБИР НА СИТЕ ПРИХОДИ	**9.964.699**	**9.713.092**

Од прегледот на приходите по одделенија детално може да се види структурата на приходите за 2026 и 2025 година одделно по ставки.
Во 2026 година има намалување на приходите во одделенијата за вода и канализација како и од приходите од отпремување отпад..

Зголемени се приходите и од дејноста поврзана со погребални услуги.

Приходите од механизација се значително зголемени во 2026 во однос на истиот период од претходната година заради зголемениот број на извршени услуги.

Со Општина Пехчево потпишани се Договор за одржување паркови и зеленило и Договор за одржување на јавна чистота, коишто услуги се одржуваат редовно, како и Договор за зимско одржување, но овие приходи се намалени поради послабите врнежи од снег во зимскиот период 2025-2026 година.

1 3 Трошоци

Трошоци за водовод и канализација		
	2026	2025
Трошоци за плати за вработени	*2.568.302*	*2.417.726*
Електрична енергија филтер станица	*411.025*	*391.074*
Сервисирање и баждарење водомери	*5.707*	*2.1*
Трош.за испитување на водата	52.400	45.200
Трошоци за водоводни делови	94.156	37.453
Трош.за хлор и др хемикалии	125.092	120.262
Вкупно	3.256.682	3.013.825

Трошоци за собирање и изнесување на отпад		
	2026	2025
Плати- изнесув.на отпад	996.766	865.842
Трошоци за нафта	124.814	109.073
Резервни делови за камион за ѓубре	43.567	270.912
Вкупно	1.165.147	1.245.827

Трошоци за механизација		
	2026	2025
Плата за возачи на машини	384.988	359.675
Возачка картица за тахограф	4.250	/
Трошок за нафта ЈЦБ	108.437	61.924
Трошоци за резервни делови ЈЦБ	15.460	16.057
Трошок за нафта трактори	18.300	29.912
Трошок за нафта сопствени возила	33.567	28.113
Трошок за гориво (Лади, плин и др)	28.438	33.200
Трошок за гориво косачки	5.240	11.365
Регистрација и осигурување на возила	18.067	8.490
Делови за возила, заварување,сервис на возила	7.517	18.530
Трошоци за резервни делови Лади	/	12.000
Трошоци за гуми за возила и вулканизерски услуги	20.700	/
Трошоци за уље и филтри	5.667	13.626
Вкупно	**650.631**	**592.892**

Трошоци за паркови и зеленило, јавна чистота		
	2026	**2025**
Плати за вработени паркови и зеленило и ј.ч	870.066	878.64
Трошоци за цвеќиња и градинарски алат,косилки	20.146	38.522
Вкупно	**890.212**	**917.168**

Трошоци поврзани со погребални услуги		
	2026	**2025**
Плата за вработен на гробишта	293.034	282.940
V- Трошоци поврзани со погребално	293.034	282.940

Трошоци за управа	**2026**	**2025**
Плати за управа	1.936.237	1.597.380
Дневници за УО и НО	7.000	28.500
Вкупно	**1.943.237**	**1.625.880**

Заеднички трошоци	**2026**	**2025**
Електрична енергија канцеларии	3.505	3.449
Канцелариски материјали и фотокопирање	22.393	40.058
Поштенски услуги и карго	9.566	9.803
Фиксни, мобилни и интернет услуги	45.698	42.583
Трошоци за службени патувања	15.042	3.977
Весници, списанија стручно образование	41.278	15.970
Трошоци за обуки на вработени	7.080	13.135
Трошоци за објавување на оглас	15.796	14.092
Репрезентација и спонзорство	29.362	22.040
Членарини во здруженија, такси и перс.данок.	67.174	25.375
Банкарски,агенциски услуги, премии и провизии	100.122	81.317
Осигурителни услуги	9.685	22.469
Камати, казни, пенали	226.181	300.503
Судски трошоци и извршување	12.030	15.000
Нотарски трошоци	49.663	25.950
Одржување на софтвер,компјутери и камери	71.165	93.820
Услуги од правни лица	65.317	13.024
Услуги по Договор на дело	43.689	56.976
Одржување на хигиена и хиг.средства	29.160	33.017
Надоместостоци за вработени (отпремнина за пензија, погреб)	113.374	5.456
Систематски прегледи на вработени	15.400	21.000
Трошоци за огревно дрво	2.100	/
Останати трошоци, ситен инвентар и др.материјални трошоци (издатница)	5.142	4.363
ХТЗ опрема	6.400	/
Вкупно	1.006.322	861.377
Вкупни трошоци	**9.205.268**	**8.541.906**

Вкупните трошоци од работењето на претпријатието се зголемени во првата половина на 2026 во однос на истиот период 2025 година. Трошоците за бруто плати на редовно вработените и вработените преку Агенција за привремено вработување се околу 73% од вкупните трошоци на претпријатието.

Во трошоците за вода и канализација спаѓаат трошоци за: платите на вработените на филтер станицата, водоинсталатерите, електрична енергија на филтер станица, трошоци за испитување на квалитетот на водата, трошоци за набавка на хлор, алуминиум, вар, водоводни и канализациони делови и тн. Трошоците за ова одделение се зголемени во однос на минатата година за истиот период воглавно заради трошоците за плати по основ зголемување на минималната плата, покачувањето на електричната енергија и тн.

Трошоците за собирање и изнесување на отпад се трошоците за: платите за вработените во ова одделение, нафта за камионите за смет, резервни делови за камионот за ѓубре и тн. Овие трошоци се намалени во првата половина на 2026 година.

Трошоците за механизација се сочинети од плата на Ракувач на градежна машина, трошоци за поправки и одржување на механизацијата, регистрации и осигурување на возила, горива, уље, гуми и тн. Овие трошоци се зголемени заради порастот на платите, зголемената цена на горивата, промена на гуми на дел од возилата и тн.

Трошоци за Управа се трошоци за платите за вработените во управата, трошоци за надоместок за дневници на членови на УО и Надзорен одбор.

Трошоците за одржување на зеленило и јавна чистота се намалени.

Во заеднички трошоци спаѓаат трошоците кои не можат да се поделат по одделенија бидејќи се однесуваат на целокупното работење на претпријатието: канцелариски материјали, трошоци од фиксен режим (телефони, интернет), одржување на софтвер, дневници за вработени, репрезентација, електрична енергија за управна зграда, поштенски и карго услуги, членарини, трошоци за стручно усовршување и обуки на вработени, нотарски и адвокатски трошоци, трошоци за здравствени услуги на вработените и тн.

Во трошоците од правни лица и трошоци по договор на дело спаѓаат трошоците за услугите од правни лица кои вршат дезинфекција, дезинфекција, дератизација, сервис и полнење на ПП апарати, браварски услуги, сечење дрва, исцртување на гробиштата, сервис на возила, консултантски услуги и тн.

1.4 Процент на наплата

ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА	2026
Физички лица	89%
Правни лица	68%

1.5 Анализа на приходи и трошоци по одделенија

Од сите горенаведени податоци, може да се направи целосна анализа на работењето на претпријатието за првите шест месеци од 2026 година по одделенија:

	Приход 2026	Трошок 2026
Водовод и канализација	6.149.438	3.256.682
Отпремување со отпад	2.010.409	1.165.147
Гробишта	521.100	293.034
Механизација	613.408	650.631
Останати (заеднички)	114.616	1.006.322
Паркови и зеленило	555.725	890.212
Управа	/	1.943.237
Вкупно	9.964.699	9.205.268
Добивка		**759.431**
Трошок за амортизација		**733.920**
Резултат од работењето –добивка за период 1-6/2026		**25.511**

ЈКП ,,Комуналец"- Пехчево
Директор
Драгана Вазлиска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период јануари - јуни 2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Извештај за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период јануари - јуни 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 27.10.2026 година.

Бр. 09-1316/6
27.10.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Извештај за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период јануари - јуни 2026 година

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува Извештајот за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период јануари - јуни 2026 година.

Член 2

Извештајот за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период јануари - јуни 2026 година. бр. 01-425/1 од 25.08.2026 година, е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1308/1
27.10.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Извештај за извршени работи во
ЈКП „Комуналец" -Пехчево

од 01.01.2026 до 30.06.2026 година

ЈКП „Комуналец" - Пехчево
email: jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com

ВОВЕД

Овој извештај се однесува на извршените работни активности на Јавното комунално претпријатие за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година. Претпријатието, во рамки на своите надлежности и обврски, континуирано работи на одржување и унапредување на јавната чистота, водоснабдување, канализација, управување со отпад, одржување на зеленило, како и други комунални услуги од јавен интерес.

Во извештајниот период, фокусот беше ставен на редовно одржување на инфраструктурата, навремено собирање и транспорт на отпад, санација на дефекти во водоводната и канализациската мрежа, како и уредување на јавни површини. Активностите беа спроведени согласно годишната програма за работа и финансискиот план, со цел обезбедување квалитетни услуги за граѓаните и унапредување на хигиенските и еколошките услови во општината.

Во продолжение на овој извештај, детално се наведени реализираните редовни активности (метење и чистење на улици и јавни површини, чистење на градски пазар, косење на зелени површини), како и финансиските средства кои се фактурирани за истите.

02.01.2026	Попис на магацин	/
05.01.2026	Промена на водомер+работна рака-С.В во с.Робово	4000+560
	Промена на водомер+работна рака-Ј.З во с.Робово	4000+560
	Чистење на захфат	/
04.01.2026	Чистење на канал во село Чифлик-по налог на општина Пехчево	/
	Поставување на контролрн водомер	/
05.01.2026	Санирање на дефект-П.Љ	/
	Санирање на дефект во стара гимназија	/
08.01.2026	Расчистување на одрони Равна Река	/
	Попис на магацин	/
	Чистење на наноси во сливничките решетки	/
09.01.2026	Попис на магацин	/
	Ископ на канал на пат кој води до филтер станица со ЈЦБ	/
12.01.2026	Поставување на бетонски капак на шахта и регулација на висината во с.Робово	/
	Расфрлање песок по критични места	По Дог.за зимско одрж.со Општина Пехчево
	Раскацување лед на патот кон Негрево и фрлање песок и сол	По Дог.за зимско одрж.со Општина Пехчево
	Чистење на градски пазар	/
13.01.2026	Раскацување лед на захфат на Пехчевска река	/
	Расфрлање песок и сол на критични места	/
	Услуга со ЈЦБ-Равна Река по налог на општина Пехчево	/
14.01.2026	Расчистување на градска депонија	/
	Санирање дефект на главна водоводна мрежа во с.Робово	/

15.01.2026	Услуга со трактор-Е.Ѓ	708
	Промена на стакло и механизам на водомер+р.рака-Г.В	1.450+590
	Одзатнување на канализација во с.Негрево-Р.З	1.180
16.01.2026	Промена на гумица и навој на чешма-К.Н	1.180
	Подготовки за верскиот прзник Водици	/
	Услуга со ЈЦБ-Р.З	8.850
	Собирање гранки кај трансформатор после кастрење	/
20.01.2026	Расчистување после верскиот празник Водици	/
	Итервенција за отстранување на затната канализациона мрежа во с. Робово	/
	Санирање на дефект	/
21.01.2026	Чистење на снег и расфрлање песок и сол	По Дог.за зимско одрж.со Општина Пехчево
22.01.2026	Чистење на снег и расфрлање песок и сол	По Дог.за зимско одрж.со Општина Пехчево
	Кастрење на гранки од дрва кои навлегуваат во патниот појас с.Умлена	/
	Санирање на дефект-А.К	1.180
23.01.2026	Чистење на захфат	/
	Чистење на предталожник и таложник-филтер станица	/
	Дислокација на отпад на депонија на определено место	/
26.01.2026	Промена на водомер-Р.М	4000+560
	Чистење на захфат	/
	Чистење на јавни тоалети	/
27.01.2026	Работа со ЈЦБ-Равна Река по налог на општина Пехчево	/
	Чистење на наноси во сливничките решетки	/
	Одзатнување на канализација продолжува и наредниот ден	/
28.01.2026	Промена на канализациони цефки во с.Чифлик	/
	Разнесување на сметки во с.Умлена	
	Услуга со ЈЦБ-ЦНЛ	14.631
	Испуштање на испусти	/
29.01.2026	Работа со ЈЦБ-Равна Река по налог на општина Пехчево	/
	Читање на месечни водомери	/
	Разнесување сметки во село Панчарево	/
30.01.2026	Читање на месечни водомери	/
	Санирање на пат-општина Пехчево	/
	Разнесување на сметки во село Чифлик	/
02.02.2026	Одзатнување на главна канализациона мрежа	/
	Чистење снег-Пехчево и околни села	По Дог.за зимско одрж.со Општина Пехчево
	Расфрлање сол и песок	/
03.02.2026	Санирање на цефки-Равна Река	
	Расфрланње сол и песок	
	Раскацување на захфат	/
04.02.2026	Вградување на водомер-С.Ф+работна рака	4000+560
	Поставување пломба на водомер- П.Р	/

	Работа со ЈЦБ-правно лице	13.098
05.02.2026	Санирање на дефект-главна водоводна мрежа во с.Чифлик	/
	Промена на механизам и стакло-Г.С	1.180+300
	Работа со ЈЦБ-правно лице	8.850
06.02.2026	Работа со ЈЦБ- З.Ј	1.770
	Перење на канал во с.Умлена	/
	Одзатнување канализација главна	/
09.02.2026	Чистење на наноси во сливничките решетки	/
	Разнесување сметки во с.Робово	
	Промена на механизам и водомер-Фагус	14.750
	Проверка на водомери во Пехчево	/
10.02.2026	Чистење на влезот пред градски гробишта	/
	Одзатнување на канализација -А.Д	4.425
	Одзатнување на канализација-Здравствен дом	2.360
11.02.2026	Чистење на градски гробишта	/
	Метење на песок по улици	/
	Расчистување на депонија	/
12.02.2026	Кастрење-градски гробишта	/
	Чистење на захфат	/
	Кастрење	/
13.02.2026	Перење на канал и улица во с.Умлена	/
	Чистење на улица ,,Даме Груев‘‘ и ,,Пиринска‘‘	/
16.02.2026	Одзатнување канализација	/
	Работа со ЈЦБ- Требомир	7.080
	Поставување чешми на градските гробишта	/
17.02.2026	Работа со ЈЦБ-по налог на општина Пехчево-Равна Река мост	/
	Сменета чешма на плоштад во Пехчево и Комуналец зграда	/
	Чистење захфат	/
18.02.2026	Расфрлање песок на критични места	По Дог.за зимско одрж.
	Острење на колчиња	/
	Читање водомери по пријава на корисници	/
19.02.2026	Одзатнување на канализација-главна	/
	Метење на ,,Јулија Веселинска‘‘ и плоштад	/
	Метење на улица ,,Равен‘‘	/
20.02.2026	Санирање на дефект-главна водоводна мрежа	/
	Сопирање на испусти	
23.02.2026	Размерување на градски гробишта, повикано геодетска фирма и поставување на крајни точки	/
	Проверка на водомери	/
	Проверка на водомери во Умлена и Робово	/
24.02.2026	Одзатнување канализација-главна	/
	Одзатнување канализација-Ц.А	1.180

	Услуга со трактор- Ќ.Ј	708
25.02.2026	Припрема на материјал за оградување на градски гробишта	/
	Увид на излив на вода, дефект на цефка во куќа	/
	Чистење на градски пазар и градски тоалети	/
26.02.2026	Услуга со ЈЦБ Равна Река- И.М	14.160
	Поставување на бетонски оградни столбови на градски гробишта-Работа со ЈЦБ	/
	Читање месечни водомери	/
27.02.2026	Проверка на водомери по барање на корисници	/
	Читање на месечни водомери	/
	Услуга со ЈЦБ- С.М	2.832
02.03.2026	Услуга со трактор- С.Ж	708
	Услуга со ЈЦБ- Г.В	2.478
	Исклучување од водоводна мрежа	/
03.03.2026	Услуга со ЈЦБ Требомир	1.770
	Извршен увид за утврдување на условите за приклучување на канализациона мрежа во Чифлик	/
	Метење ул.,,Јулија Веселинска‘‘	По Дог за јавна чистота
04.03.2026	Услуга со трактот- С.В	708
	Промена на вентил на резервоар во Робово	
	Дислокација на водомер- Б.К	1.770
	Перење на улица	/
05.03.2026	Достава на сметки во село Негрево	/
	Перење на улица	/
	Разнесување фактури за правни лица	/
06.03.2026	Одзатнување канализација Општина Пехчео	1.180
	Затрупување на смет на депонија	/
	Услуга со ЈЦБ-Стенлеј	/
09.03.2026	Поставување на нов водомер и приклучок	4000+4000+590
	Метење и окопување на ул.,,Даме Груев‘‘	По Дог за јавна чистота
	Промена на чешма и поставување на црево за чистење во градски тоалети	/
10.03.2026	Нов приклучок за канализација- М.Б	4.425
	Нов приклучок за канализација- К.М	5.310
11.03.2026	Услуга со ЈЦБ-Стенлеј	/
	Поставување мрежа за ограда на градски гробишта	/
	Санирање на дефект во резервоар-село Робово	
	Собирање гранки после кастрење	
	Санирање на дефект Р.З	/
12.03.2026	Окопување и кастрење на парк- центар	/
	Услуга со ЈЦБ-Стенлеј	/
	Услуга со трактор- Х.Б	708
13.03.2026	Монтирање на нов пловак на резервоар во Пехчево	/
	Чистење градски тоалети	/

	Чистење на градски пазар	/
16.03.2026	Перење на улица ,, 8 Март‘‘	/
	Услуга со ЈЦБ-Стенлеј	/
	Чистење на захфат	/
17.03.2026	Метење на градски пазар	/
	Перење на улица ,, Кадиица‘‘	
	Услуга со ЈЦБ-Ќ.Ж	8.496
	Обележување на гробни места	/
18.03.2026	Собирање на трева и земја после окопување на улици	/
	Испуштање на вода на сите испусти	/
	Собирање на угинато животно	Годишен паушал
19.03.2026	Реконструкција на врата на резервоар во Пехчево	/
	Перење на резервоар во Робово и доведување до исправна состојба на пловак	/
	Достава на сметки за комуналии во с.Панчарево	/
20.03.2026	Достава на сметки за вода и комуналии во с.Робово	/
	Достава на сметки за вода и комуналии во Умлена и Чифлик	/
	Работа со ЈЦБ во с.Црник по налог на Општина Пехчево	/
23.03.2026	Санирање на дефект-главна водоводна мрежа	/
	Чистење плоштад, скари каде кладилница до мостот	/
	Чистење на булевар ,,Равен‘‘	По Дог за јавна чистота
24.03.2026	Дислокација на водомер- Л.Б	1.180
	Нов приклучок за вода и промена на механизам на водомер К.А	4.720+1.416
25.03.2026	Поставување на нов водоводен приклучок- А.Д	/
26.03.2026	Поставување на нов водоводен приклучок- А.Д	14.620
27.03.2026	Проверка на водомери	/
	Обновување на приклучок Б.К	3.245
	Услуга со тракторе А.Т	708
30.03.2026	Читање водомери и достава на сметки во село Чифлик	/
	Поставување шахта и водомер на капела	4.000
	Окопување на улица ‘‘Илинденска‘‘	/
31.03.2026	Поставување шахта за канализација-капела	/
	Читање водомери и достава на сметки во село Чифлик	/
	Окопување на улица ,,Јулија Веселинска‘‘	/
01.04.2026	Поставување на нов водомер Т.В	4.720
	Промена на стакло и гумица М.Ј	413+590
	Промена на стакло и гумица С.Б	413+590
02.04.2026	Средување дрва	/
	Затрупување на комунален отпад на депонија	
	Перхлорирање и перење на резервоари во с.Панчарево и с.Црник	/
	Читање водомери во с.Умлена	/
03.04.2026	Достава на сметки и читање водомери во с.Умлена	/
	Услуга со трактор А.Т	708

	Поставување на воздушен вентил на резервоари	/
04.04.2026	Услуга со трактор С.Н	708
	Достава на сметки и читање на водомери во с.Робово	/
	Чистење на захфат и испуштање крајни испусти	/
06.04.2026	Промена на механизам и гумица Л.М	1.475+590
	Услуга со трактор А.К	/
	Промена на стакло С.Б	590
07.04.2026	Услуга со ЈЦБ-Стенлеј	
	Одзатнување на канализација-главен колектор	/
	Читање водомери во Пехчево	/
08.04.2026	Читање водомери во Пехчево	/
	Косење и чистење околу пазар	По Дог за јавно зеленило
	Читање на водомери за правни лица	/
09.04.2026	Читање водомери во Пехчево	/
	Косење на зелени површини	/
	Услуга со трактор- В.С	708
14.04.2026	Услуга со ЈЦБ Стенлеј	79.650
	Читање водомери во Пехчево	/
	Чистење на кеј	По Дог за јавна чистота
15.04.2026	Читање на водомери во Пехчево	/
	Собирање на угинато животно	Годишен паушал
	Проверка на водоводна линија и резервоари	/
16.04.2026	Утовар на електронски отпад од Собирен центар	/
	Косење на зелени површини околу улици Пехчево	По Дог за јавно зеленило
	Читање на водомери во Пехчево	/
17.04.2026	Читање на водомери во Пехчево	/
	Чистење на градски тоалети	
	Чистење на захфат	/
	Чистење на предталожник и таложник	/
20.04.2026	Читање на водомери во Пехчево	/
	Чистење на наноси во сливничките решетки	/
	Косење на зелени површини околу улици Пехчево	/
21.04.2026	Испуштање на испусти	/
	Одзатнување на канализација	1.770
	Услуга со скип -Ц.С	1.770
22.04.2026	Услуга со ЈЦБ- К.М	4.248
	Чистење на влез во Пехчево	По Дог за јавна чистота
	Промена на гумица- К.Ј	100
23.04.2026	Промена на стакло и гумица- Ц.Б	454
	Промена на механизам, гумица и стакло- И.С	2.444
	Услуга со ЈЦБ- И.С	3.540
24.04.2026	Косење на зелени површини околу улици Пехчево	По Дог за јавно зеленило

	Одзатнување на канализација-главен колектор	/
	Читање и чистење на водомери	/
27.04.2026	Достава на сметки во Робово,Умлена,Цифлик	/
	Санирање на дефект-главна водоводна мрежа	/
	Достава на сметки во село Црник	/
28.04.2026	Косење на зелени површини околу улици Пехчево	По Дог за јавно зеленило
	Достава на сметки за комуналии во Пехчево	/
	Чистење на градски пазар	/
29.04.2026	Читање и чистење на водомери	/
	Поставување цефки во Робово по налог на Општина Пехчево	88.888
	Достава на сметки за комуналии во Пехчево	/
30.04.2026	Поврзување на главна канализациона мрежа А.И	3.540
	Сечење на бетон	708
	Косење на зелени површини околу улици Пехчево	По Дог за јавно зеленило
04.05.2026	Обновување на приклучок Ч.Ѓ	9.440
	Читање на водомери-правни лица	/
	Косење на зелени површини	/
05.05.2026	Читање на водомери во село Негрево	/
	Читање водомери-правни лица	/
	Припрема за дефект-булрвар ,,Равен‘‘	/
06.05.2026	Санирање на дефект-булевар ,,Равен‘‘	/
	Снирање дефект на градски стадион	/
	Читање водомери во село Негрево	/
07.05.2026	Затрупување на смет на депонија	/
	Косење на зелени површини	По Дог за јавно зеленило
	Работа со ЛЦБ- Б.С	18.054
08.05.2026	Услуга со ЛЦБ- К.А	7.434
	Садење цвеќиња и брички	/
	Метење улици	По Дог за јавна чистота
11.05.2026	Одзатнување на канализација(зграда)- АД	7.080
	Проверка на водомери во Робово и Умлена	/
	Издавање на тезги за панаѓур	12.613
12.05.2026	Промена на механизам- К.И	1.300+590
	Промена на механизам на водомер- С.К	1.300+590
	Промена на механизам и стакло- А.Ѓ	1.600+590
13.05.2026	Промена на механизам и стакло Ќ.С	1.300+590
	Косење на градски гробишта	/
	Промена на механизам и гумица- М.К	1.300+590
14.05.2026	Косење на градски гробишта	/
	Промена на водомер- Р.П	590
	Поставување на нов приклучок за вода Р.З	/
15.05.2026	Промена на механизам- Ш.М	1.300+590

	Чистење, кастрење на градски гробишта,метење на влез	/
18.05.2026	Достава на сметки во Умлена	/
	Обновување на приклучок за вода и поставување нов прикчучок за канализација Р.З	16.520
19.05.2026	Достава на сметки во Чифлик	/
	Сечење на шахта во Чифлик	/
	Увид на главна линија за канализација после бензинска пумпа	/
20.05.2026	Одзатнување на канализација после бензинска пумпа	/
	Поставување на бетонски прстен	/
	Бетонирање на капак за бетонски прстен	/
21.05.2026	Затрупување на смет на депонија	/
	Достава на сметки во Панчарево	/
	Работа со ЈЦБ- Р.З	7.788
22.05.2026	Поставување на даски на предталожник за полесно перење	/
	Перење на предталожник	/
	Чистење на захфат	/
26.05.2026	Одзатнување на канализација главна	/
	Косење на булевар ,,Равен‘‘	По Дог за јавно зеленило
	Услуга со трактор- С.Ј	708
27.05.2026	Косење на улици	По Дог за јавно зеленило
	Санирање на дефект	/
	Услуга со скип- Г.Д	8.850
28.05.2026	Поставување на нов приклучок за вода- А.Н	4.130
	Наводнување на цвекиња и други зелени површини	/
	Проверка на вентил- Ѓ.К	/
29.05.2026	Услуга со трактор- С.Ј	708
	Одзатнување на канализација- муслимански верски објект	1180
	Косење на улици	По Дог за јавно зеленило
01.06.2026	Достава на сметки за комунални услуги во Пехчево	/
	Читање на месечни водомери	/
	Косење и метење на градски пазар	/
02.06.2026	Косење улици	По Дог за јавно зеленило
	Санирање на дефект на водоводна мрежа- А.Д	2.360
	Услуга со ЈЦБ- Г.Д	6.372
03.06.2026	Поставување на нов приклучок за вода+водомер-правно лице	19.588+4000
	Косење улици	По Дог за јавно зеленило
	Почнување со ископ на ров за нова водоводна линија во индустриска зона Чуката	/
04.06.2026	Ископ на ров за нова водоводна линија во индустриска зона Чуката	/
	Итервенција за отстранување на затната канализациона мрежа	/
	Достава на сметки во Робово,Умлена,Чифлик	/
05.06.2026	Размотување и поставување црево	/
	Проверка на водомери по најава од корисници	/
08.06.2026	Приклучување на објекти на новата водоводна линија	/

	Поставување на канти и контејнери за натпревар на градски стадион	/
	Изнајмување на тезги под закуп на други лица	2.402
09.06.2026	Затрупување и порамнување на ров	/
	Услуга со трактор - М.А	708
	Собирање на ѓубре после натпреварот	/
10.06.2026	Испуштање испусти	/
	Косење улици и паркови	По Дог за јавно зеленило
11.06.2026	Интервенција за отстранување на затната канализациона мрежа и нејзино испирање	/
	Санирање на дефект на главна водоводна мрежа	/
12.06.2026	Поставување на нов приклучок и водомер- М.Н	4.130+4000
	Услуга со трактор- С.С	708
	Носење хлор до филтер станица	/
15.06.2026	Дислокација на водомер- Л.Љ	1.180
	Одзатнување на канализација- А.Т	1.180
	Промена на механизам- А.С	1.200+590
16.06.2026	Исклучување на корисник од главна водоводна мрежа по негово барање	/
	Чистење на решетки	/
17.06.2026	Чистење на канал и решетки	/
	Чистење на депонијата со скип и трактор	/
	Промена на цефки од водомер до зграда 3	/
18.06.2026	Чистење на депонијата со скип и трактор	/
	Промена на цефки од шахта до зграда 3	12.980
	Проверка на водомери во Негрево	/
	Резервација на тезги на градски пазар	9.600
	Услуга со трактор- Ц.Ц	708
22.06.2026	Дислокација на водомер- Н.А	3.658
	Услуга со трактор- Х.Д	1.888
	Гасење пожар на депонија со затрупување со земја	/
23.06.2026	Одзатнување канализација во Умлена	/
	Испуштање на краен испуст	/
	Услуга со ЈЦБ, Равна Река по налог на Општина Пехчево	/
24.06.2026	Испуштање на крајните испусти во Робово и Умлена	/
	Изнајмување на тезга под закуп	601
	Читање на месечни водомери	/
25.06.2026	Затрупување на смет со замја на градска депонија	/
	Промена на вентил во шахта за сопирање на вода	/
	Косење на двата главни влеза во Пехчево	По Дог за јавно зеленило
26.06.2026	Чистење на влез во депонијата- истурен отпад	/
	Чистење на захфат	/
29.06.2026	Промена на семеринг ЈЦБ	/
	Косење на градски гробишта	/
30.06.2026	Промена на механизам- М.Б	1300+590
	Косење на улици	По Дог за јавно зеленило

ЈКП ,,Комуналец‘‘-Пехчево
Директор
Драгана Вазлиска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за определелување на висина на цена за собирање и транспортирање на комунален отпад од Пехчево и населените места во општина Пехчево

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определелување на висина на цена за собирање и транспортирање на комунален отпад од Пехчево и населените места во општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 27.10.2026 година.

Бр. 09-1316/7
27.10.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 4 и точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 12 став 1 точка 4 и член 30 точка 25 и точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.10.2026 година донесе:

ОДЛУКА
за определелување на висина на цена за собирање и транспортирање на комунален отпад од Пехчево и населените места во општина Пехчево

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пехчево ја определелува висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од Пехчево и населените места во општина Пехчево.

Член 2

